**Прилог бр. 4**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност, "Ефикасност во вршењето на работите и услугите од доделените концесии на дивечот во ловиштата во Република Македонија", добиени се забелешки од министерот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство број 02-14764/2 од 24.01.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-297/1 од 04.02.2013 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот, и се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на делот од резимето кој се однесува на почитувањето на Законот за ловство и условите предвидени во склучените договори од страна на концесионерите, **делумно се прифаќа** во насока на преформулација на почетната реченица на наодот поради што текстот во делот Ревизорски наоди, точка 2.1. од Конечниот извештај, ќе ја има следната формулација: „Ревизијата констатира дека концесионерите не секогаш ги исполнуваат условите предвидени во договорот и Законот за ловство, во смисла на ангажирање на стручни лица за спроведување на посебните ловостопански основи, најмалку еден ловочувар за едно ловиште со соодветно стручно образование„. Оваа формулација соодветно ќе биде пренесена во резимето на извештајот.

2. Упатената забелешка на делот од резимето на извештајот на констатацијата дека: " Одлуките за јавни конкурси донесени од Владата на РМ за давање на дивечот во ловиштата на концесија и потпишувањето на договорите се донесени и склучени со задоцнување од неколку месеци, а за одредени ловишта и повеќе од една година" и констатацијата "Одредени ловишта од денот на истекување на рокот на важење на договорот, до денот на ревизијата не се дадени на концесија и не се преземени мерки и активности за определување субјект на кој ќе се даде дивечот на присилна концесија, до моментот на објавување на нов јавен конкурс", **претставува известување** дека процедурата предвидува неколку постапки до конечност на Одлуката на Владата на РМ поради што периодот на истата е долг.

---

Ревизорски тим
1.________________
2.________________

Овластен државен ревизор
____________________________

Во точките 1.1. и 1.2 од Нацрт извештајот детално се опишани состојбите за констатираните наоди. Информацијата дека процедурата за давање на дивечот под концесија до конечност на Одлуката на Владата на Република Македонија, со која почнува концесискиот период поради што и периодот за спроведување на истите е прилично долг, ревизијата го имаше во предвид и истото не претставува аргумент за не преземање или ненавремено преземање на мерки и активности за објавување на јавни конкурси или определување на субјект на кој ќе се даде дивечот на присилна концесија до моментот на објавување на нов јавен конкурс.

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

Овластен државен ревизор

____________________________